NSW GOVERNMENT | Education Public Schools

# Писмо до родителите/старателите во врска со учествување во *Nitbusters: Програма за отстранување на вошки во училиштата*

# Letter to parents/carers concerning *Nitbusters: Head lice in schools program*

Име и презиме на детето ______________________ Child's name Одделение ____________ Class

Датум кога ќе се одржи 'Денот на Nitbusters' ______________________ Date of Nitbusters Day

Датум до кој дозволата треба да се врати на училиште ______________________ Date for return of consent form

Почитувани родители/старатели

Целта на програмата Nitbusters е да ги подучува училиштата, децата и родителите за вошките и како тие се отстрануваат.

Ви пишувам за да побарам дозвола вашето дете да учествува во 'Денот на Nitbusters', кој ќе се одржи во училиштето на горенаведениот датум. 'Денот на Nitbusters' е ден кога родителите можат да помогнат при проверувањето на сите деца за вошки и нивно отстранување.

Ги поттикнуваме сите деца да земат учество во проверката. Децата не можат да учествуваат ако немаат дозвола потпишана од родителот/старателот, ниту пак ќе бидат казнети ако не учествуваат. Родителите/старателите и/или децата можат во секое време да се откажат од проверката. Децата кои нема да учествуваат можат да научат како се препознаваат вошките и гнидите и како тие се отстрануваат.

На 'Денот на Nitbusters' на секое дете кое ќе учествува во програмата ќе му се провери косата за да се утврди дали има активен напад на вошки. При проверката и третманот, родителите кои ќе помагаат ќе носат гумени ракавици за една употреба. Ако во косата има гниди (јајца) или вошки, на неа ќе се стави вообичаено средство за смекнување на косата и таа ќе се размрси со чешел. Отако косата целосно ќе се размрси со чешел со големи запци, вошките и гнидите ќе се отстрануваат со чешел за вошки. За секое дете ќе се користат нови ракавици. Ако главата на детето е инфицирана, воспалена или ако детето има рани на главата или псоријаза, тогаш детето нема да се провери.

Откако проверката ќе заврши, косата на детето ќе се исчешла и доведе во ред. Средството за смекнување на косата нема да се отстрани со плакнење затоа што тоа е тешко да се направи во училиштето. Тоа не ја оштетува косата и таа може да се исплакне кога детето ќе си оди дома.

После секое користење, сите чешли ќе се измијат во жешка, сапунеста вода и ќе се исплакнат со жешка вода под чешма затоа што вошките умираат на температура од 60 Целзиусови степени.

После проверката ќе ви испратиме писмо за да ве известиме дали во косата на вашето дете сме нашле гниди, вошки или и двете. На сите родители ќе им испратиме информативен лист на кој начин се отстрануваат вошките, дури и ако нивното дете не учествувало во програмата.

За програмата Nitbusters да биде успешна во нашето училиште, секое дете треба да се вклучи во неа. Доволно е една заразена глава да го зарази целото одделение. Една од важните пораки на програмата е дека секој може да добие вошки, без разлика колку е стар, од кој пол е или од какво потекло. Лекувањето треба да се изведува во заедницата и да биде редовно.

Во програмата е вклучена целата школска заедница, која работи на тоа да го координира и спроведе 'Денот на Nitbusters' во просториите на училиштето, трудејќи се во еден ден да се проверат сите ученици. Организацијата на родителите на учениците од училиштето го организира денот и обезбедува помошници кои ќе ги прегледаат сите деца за вошки и ќе ги отстранат. Прегледот го вршат доброволци од родители/старатели и тоа едно одделение по друго, при што најмладите деца ќе бидат прегледани на почетокот на денот. Во оваа програма, за отстранување на вошките се користи чешел и средство за смекнување на косата, метод кој е безбеден, без хемикалии, вошките се отстрануваат со чешлање.

Ако се согласувате вашето дете да учествува во 'Денот на Nitbusters', ве молиме пополнете ја дозволата на англиски јазик и вратете ја во училиштето до датумот кој е прикажан погоре. За секое дете мора да се потпише посебна дозвола.

Овие информации се засноваат врз информациите кои се наоѓаат на Интернет страниците на NSW Health во врска со програмата Nitbusters.